# <u>ОСНОВИ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК И ОСИГУРУВАЊЕ</u>

Пресметајте ја бруто тарифата ако 15.000 осигуреници генерираат загуба од 4.500.000 €, а вкупните оперативни трошоци на компанијата се 50%.

| | |
|---|---|
| **1.** | 450 Евра |
| **2.** | 800 Евра |
| **3.** | 600 Евра |
| **4.** | 750Евра |
| **5.** | 1000Евра |

Ако во пожар е целосно уништен еден од погоните на претпријатието X, тогаш се губи не само вредноста на тој капацитет, туку и приходот што претпријатието можело да го оствари кога погонот би работел. Во овој случај станува збор за:

| | |
|---|---|
| **1.** | Ризик од одговорност |
| **2.** | Ризик што потекнува од потфрлање на другите |
| **3.** | Личен ризик |
| **4.** | Имотен ризик |
| **5.** | Посебен ризик |

Претпријатието АБ не може да ги изврши услугите утвреди во договорот со својот деловен партнер во договорениот рок. За таа цел претпријатието АБ склучува договор со друго услужно претпријатие БА со кој го задолжува да ги изврши договорените услуги. Доколку претпијатието БА не ги исполни обврските кон претпријатието АБ, станува збор за:

| | |
|---|---|
| **1.** | Ризик од одговорност |
| **2.** | Ризик што потекнува од потфрлање на другите |
| **3.** | Личен ризик |
| **4.** | Посебен ризик |
| **5.** | Имотен ризик |

Стандардната девијација (како и варијансата), е број со кој се мери концентрацијата на вредности за средните големини и колку што е помала стандардната девијација во однос на средната големина, толку:

| | |
|---|---|
| **1.** | Помала е дисперзијата и вредностите се поизедначени |
| **2.** | Поголема е дисперзијата и вредностите се поизедначени |
| **3.** | Помала е дисперзијата и вредностите се поразлични |
| **4.** | Поголема е дисперзијата и вредностите се поразлични |
| **5.** | И дисперзијата и вредностите остануваат непроменети |

Луѓето кои имаат купено осигурителна полиса, заземаат поневнимателен став во спречувањето на загубите или може да имаат различен став кон трошоците за надоместување на штетата. Во тој случај станува збор за:

| | |
|---|---|
| **1.** | Физички хазард |
| **2.** | Хазард заради морал |
| **3.** | Морален хазард |
| **4.** | Синдром на длабок џеб |
| **5.** | Хазард и опасност |

Единицата на заштита, на која се применува тарифата, може да биде:

| | |
|---|---|
| **1.** | Идентична за различни области на осигурување |
| **2.** | Различна за различни области на осигурување |
| **3.** | Различна за исти области на осигурување |
| **4.** | Иста за различни области на осигурување |
| **5.** | Идентична за сите области на осигурување |

Надоместот на застапниците за неживотно осигурување му овозможува дополнителна провизија на крајот од годината ако бизнисот што го поднесол произведе профит за компанијата. Ова се остварува со инструмент наречен:

| | |
|---|---|
| **1.** | договор за застапување или договор за поделба на профитот |
| **2.** | договор за удел или договор за пресметка на профитот |
| **3.** | договор за застапување или договор за пресметка на профитот |
| **4.** | договор за удел или договор за поделба на профитот |
| **5.** | договор како преземач на ризик |

## ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ОД ОБЛАСТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Инвеститор од странство сака да основа друштво за неживотно осигурување во РМ, кое сака да врши работи во сите класи на осигурување. Каков вид трговско друштво треба да основа и во каква форма и со минимум колкав капитал треба да биде основано?

| | |
|---|---|
| **1.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. А бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде Друштво за осигурување на земја членка кое основало филијала на територијата на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон.н Акционерскиот капитал не смее да биде понизок од 2.500.000 €, ако друштвото врши работи на осигурување во сите класи на осигурување во групата на неживотно осигурување |
| **2.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. А бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде – Филијала на странско друштво за осигурување која добила дозвола за вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување; како и Друштво за осигурување на земја членка кое основало филијала на територијата на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон. Акционерскиот капитал не смее да биде понизок од 3.000.000 €, ако друштвото врши работи на осигурување во сите класи на осигурување во групата на неживотно осигурување |
| **3.** | Друштво за осигурување се основа како друштво со ограничена одговорност со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. А бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде – Филијала на странско друштво за осигурување која добила дозвола за вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување; како и Друштво за осигурување на земја членка кое основало филијала на територијата на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 3.000.000 €, ако друштвото врши работи на осигурување во сите класи на осигурување во групата на неживотно осигурување |

| | |
|---|---|
| **4.** | Друштво за осигурување се основа како друштво со ограниечна одговорност со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. А бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде – Филијала на странско друштво за осигурување која добила дозвола за вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување; како и Друштво за осигурување на земја членка кое основало филијала на територијата на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 4.500.000 €, ако друштвото врши работи на осигурување во сите класи на осигурување во групата на неживотно осигурување |
| **5.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. А бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде – Филијала на странско друштво за осигурување која добила дозвола за вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување; или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон. Акционерскиот капитал не смее да биде понизок од 2.000.000 €, ако друштвото врши работи на осигурување во сите класи на осигурување во групата на неживотно осигурување |

Домашен инвеститор сака да основа друштво за животно осигурување во РМ, кое сака да врши работи во сите класи на осигурување. Каков вид трговско друштво треба да основа и во каква форма со оглед на тоа што се работи за домашен инвеститор и со минимум колкав акционерски капитал треба да биде основано?

| | |
|---|---|
| **1.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. Капиталот треба да е минимум 1.500.000 €. |
| **2.** | Друштво за осигурување се основа како друштво со ограничена одговороност со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 2.000.000 € ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот |
| **3.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 3.000.000 € ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот |
| **4.** | Друштво за осигурување се основа како друштво со ограничена одговорност со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 3.000.000 € ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот |
| **5.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон, капиталот не смее да биде понизок од 2.500.000 € ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот |

Странски инвеститор сака да основа друштво за животно осигурување во РМ, кое сака да врши работи исклучително за Осигурување на живот во случај на доживување, осигурување во случај на смрт, мешано осигурување на живот, рентно осигурување и осигурување на живот со поврат на премии. Каков вид трговско друштво треба да основа и во каква форма со оглед на тоа што се работи за странски инвеститор и со минимум колкав акционерски капитал треба да биде основано?

| | |
|---|---|
| **1.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон, а бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде друштво за осигурување на земја членка кое основало филијала на територијата на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 1.500.000 € ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот. |
| **2.** | Друштво за осигурување се основа како друштво со ограничена одговорност со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон, а бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде – Филијала на странско друштво за осигурување која добила дозвола за вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување; како и Друштво за осигурување на земја членка кое основало филијала на територијата на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 2.000.000 € ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот. |
| **3.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон, а бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде – Филијала на странско друштво за осигурување која добила дозвола за вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување; или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 3.500.000 € ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот. |
| **4.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон, а бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде – Филијала на странско друштво за осигурување која добила дозвола за вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување; како и Друштво за осигурување на земја членка кое основало филијала на територијата на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 3.000.000 € ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот. |
| **5.** | Друштво за осигурување се основа како друштво со ограничена со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон, а бидејќи се работи за странски инвеститор тоа може да биде – Филијала на странско друштво за осигурување која добила дозвола за вршење на работи на осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување; како и Друштво за осигурување на земја членка кое основало филијала на територијата на Република Македонија или е овластено директно да врши работи на осигурување на територија на Република Македонија, согласно со закон. Тој не смее да биде понизок од 4.500.000 € ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот. |

Заинтересирано лице сака да основа друштво за осигурување во РМ, кое ќе се занимава со реосигурување. Каков вид трговско друштво треба да основа и во каква форма и со минимум колкав акционерски капитал треба да биде основано?

| | |
|---|---|
| **1.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 3.000.000 € ако друштвото врши работи на реосигурување |
| **2.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 3.500.000 € ако друштвото врши работи на реосигурување |
| **3.** | Друштво за осигурување се основа како друштво со ограничена одговорност со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон, капиталот не смее да биде понизок од 4.500.000 € ако друштвото врши работи на реосигурување |
| **4.** | Друштво за осигурување се основа како друштво со ограничена одговорност со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 3.500.000 € ако друштвото врши работи на реосигурување |
| **5.** | Друштво за осигурување се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија под условите утврдени со закон. Капиталот не смее да биде понизок од 4.500.000 € ако друштвото врши работи на реосигурување |

Здравственото осигурување покрива услуги кои не се покриени со задолжителното здравствено осигурување и тоа:

| | |
|---|---|
| **1.** | еднократен паричен надомест за инвалиднина; |
| **2.** | еднократен паричен надомест за инвалиднина; надомест на трошоците за болничко лекување |
| **3.** | паричен надомест за инвалиднина; надомест на трошоците за болничко лекување; комбинација на плаќањата од претходните два случаи |
| **4.** | еднократен паричен надомест за инвалиднина; надомест на трошоците за болничко лекување; комбинација на плаќањата од претходните два случаи |
| **5.** | еднократен паричен надомест на трошоците за болничко лекување |

# ТРГОВСКО И ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО

Доколку клиентот се идентификува со фалсификувани или со туѓи идентификациони документи, односно наведува сомнителни идентификациски податоци или клиентот воопшто не е регистриран како правно лицедали би склучиле договор за осигурување:

| | |
|---|---|
| **1.** | да, доколку клиентот уредно го подпише договорот |
| **2.** | Не, бидејќи станува збор за Индикатори за сомнителни трансакции кои се однесуваат на клиентот |
| **3.** | Не, бидејќи станува збор за Индикатори кои се однесуваат на склучување на договорот |
| **4.** | Не, бидејќи станува збор за Индикатори кои се однесуваат на плаќање премии и извршување на договорот |
| **5.** | да, бидејќи за тоа постои друштвото за осигурување |

Треба да изработите полиса на осигурување на имот. Кои елементи според Законот за облигациони односи истата облигаторно треба да ги содржи?

| | |
|---|---|
| **1.** | договорните страни, осигурениот предмет односно осигуреното лице, ризикот опфатен со осигурувањето, траењето на осигурувањето и периодот на покритието, сумата на осигурувањето или дека осигурувањето е неограничено, премијата или придонесот, датумот на издавањето на полисата и потписи на договорните страни. |
| **2.** | име и презиме на лицето на чијшто живот се однесува осигурувањето, настанот или рокот од кој зависи настанувањето да се бара исплата на осигурената сума, ризикот опфатен со осигурувањето, траењето на осигурувањето и периодот на покритието, сумата на осигурувањето или дека осигурувањето е неограничено, премијата или придонесот, датумот на издавањето на полисата и потписи на договорните страни |
| **3.** | ризикот опфатен со осигурувањето, траењето на осигурувањето и периодот на покритието, сумата на осигурувањето или дека осигурувањето е неограничено, премијата или придонесот, датумот на издавањето на полисата , потписи на договорните страни и податоци за вештаците |
| **4.** | име и презиме на договарачот на осигурувањето и вредноста на осигурената ствар |
| **5.** | вредноста на осигурената ствар |

Ако при склучувањето на договорот за осигурување, осигурениот случај веќе настанал или бил во настанување дали ќе го склучите договорот:

| | |
|---|---|
| **1.** | да, доколку клиентот уредно го подпише договорот |
| **2.** | Не, бидејќи станува збор за Индикатори за сомнителни трансакции кои се однесуваат на клиентот |
| **3.** | Не, бидејќи станува збор за Индикатори кои се однесуваат на склучување на договорот |
| **4.** | Не, бидејќи станува збор за Индикатори кои се однесуваат на плаќање премии и извршување на договорот |
| **5.** | не, бидејќи станува збор за измами за осигурениот случај |

Која е последицата доколку друштвото за осигурување не склучи договор за задолжително осигурување врз основа на понудата на обрвзникот за задолжително осигурување:

| | |
|---|---|
| **1.** | ќе се казни за прекршок со парична казна |
| **2.** | ќе се казни за кривично дело со казна затвор |
| **3.** | нема обврска за задолжително осигурување |
| **4.** | ќе се казни за прекршок со парична казна само доколку тоа не го направи во рок од 8 дена |
| **5.** | ќе се казни за прекршок со парична казна само ако тоа не го направи во рок од 30 дена |

## ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ И ЕТИЧКИ КОДЕКС

Еден клиент бара од Вас да купи полиса за животно осигурување. Сепак, многу се интересира за детали, а Вие имате премногу други работи како обврски. Затоа, го препуштате на друг Ваш помлад колега. На тој начин, во рамки на Вашето Друштво за застапување сте сториле, согласно Кодексот на етика:

| | |
|---|---|
| **1.** | Не сум сторил ништо, тој пак ќе купи Полиса, веројатно во моето Друштво . |
| **2.** | Сум сторил неопределено неетичко дејство |
| **3.** | Сум сторил определено етичко дејство |
| **4.** | сум предизвикал конфликт на интереси. |
| **5.** | не сум ги заштитил средствата на мојата компанија. |

Имате информации дека Ваш колега, бара дополнителни услуги од клиентите за себе лично, као резултат на соработката со нив. Одлучувате да го пријавите за тие постапки на Вашиот претпоставен. Што сте направиле на тој начин:

| | |
|---|---|
| **1.** | сум превзел одмаздничка акција против колегата |
| **2.** | сум превзел активност за спроведување на  Кодексот |
| **3.** | сум спречил одлевање на тие клиенти кон други компании |
| **4.** | имам недразбирања со тој колега, затоа постапувам |
| **5.** | мислам дека на тој начин, можам јас лично подобро да работам со тие клиенти |

Работите во Банка и имате лиценца за застапник во осигурувањето. Клиент на Банката подига станбен кредит со полиса за животно осигурување. Во меѓувреме, бара и полиса за осигурување на имот и патничко осигурување. Ја изготвувате Полисата, заедно со кредитот, но за останатите две Полиси, одлучувате да го препратите кај Вашиот брат, кој работи во осигурително броекрско друштво. На тој начин сте предизвикале дејства на:

| | |
|---|---|
| **1.** | спроведување на Кодексот |
| **2.** | прекршување на Законот за супервизија за осигурувањето |
| **3.** | повреда на интегритетот на Друштвото за застапување |
| **4.** | конфликт на интереси |
| **5.** | не сум предизвикал ништо погрешно, клиентот ги доби услугите за кои дојде во банката |

Како друштво за застапување и вработен агент продавате полиси за една класа за осигурување од конкретна осигурителна компанија. Во меѓувреме, истата компанија започнува интензивна продажба на тие полиси преку онлајн продажба на својата интернет страица, и клиентите повеќе не го побаруваат тој производ од Вашето друштво. На тој начин се остварила :

| | |
|---|---|
| **1.** | нефер однос на компанијата |
| **2.** | промена на корпоративната политика на компанијата |
| **3.** | хоризонтален конфликт |
| **4.** | канибализација во дистрибутивните канали |
| **5.** | ретенција |

Друштво за застапување остварува најсилна продажба на одреден производ на осигурителна компанија. По одредено време, бара зголемување на провизијата, или трансферирање кон производ на друга компанија. Тоа предизвикало ситуација:

| | |
|---|---|
| **1.** | backward интеграција |
| **2.** | фрикција |
| **3.** | forward интеграција |
| **4.** | доминација на дистрибутивниот канал |
| **5.** | нелојално однесување на застапникот во осигурувањето |

# ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТ

Осигуреник стар 26 години сака да се осигура во случај на смрт во следните 20 години. Да се пресмета годишната премија ако осигурениот износ е 100 000 парични единици. Периодот на уплата на премијата треба да биде 12 години. Резултатот е:

| | |
|---|---|
| **1.** | 489 |
| **2.** | 520 |
| **3.** | 5 200 |
| **4.** | 10 000 |
| **5.** | 100 000 |

Осигуреник стар 29 години сака да се осигура во случај на смрт во следните 17 години. Да се пресмета годишната премија ако осигурениот износ е 100 000 парични единици. Периодот на уплата на премијата треба да биде 10 години. Резултатот е:

| | |
|---|---|
| **1.** | 561 |
| **2.** | 5 601 |
| **3.** | 5 610 |
| **4.** | 10 000 |
| **5.** | 100 000 |

Осигуреник стар 36 години сака да се осигура во случај на смрт во следните 18 години. Да се пресмета годишната премија ако осигурениот износ е 100 000 парични единици. Периодот на уплата на премијата треба да биде 11 години. Резултатот е:

| | |
|---|---|
| **1.** | 903 |
| **2.** | 9 030 |
| **3.** | 9 300 |
| **4.** | 10 000 |
| **5.** | 100 000 |

Осигуреник стар 30 години кој сака да се осигура на 19 години во случај на смрт. Колку ќе изнесува осигурената сума ако премијата што ја платил е 120 000 денари.

| | |
|---|---|
| **1.** | 2 205 882 |
| **2.** | 2 205 |
| **3.** | 39 000 |
| **4.** | 120 000 |
| **5.** | 150 000 |

Колкава рента ќе се добива годишно за лице старо 25 година во следните 10 години ако се уплати еднократна уплата од 100.000 парични единици

| | |
|---|---|
| **1.** | 12 458 |
| **2.** | 12 505 |
| **3.** | 125 505 |
| **4.** | 10 000 |
| **5.** | 30 000 |

Осигуреник стар 33 година сака да се осигура во случај на смрт во следните 12 години. Да се пресмета осигурената сума ако годишната премија е во износ од 100 000 парични единици. Периодот на уплата на премијата треба да биде 10 години. Резултатот е:

| | |
|---|---|
| **1.** | 24 713 622 |
| **2.** | 2 471 362 |
| **3.** | 1 000 000 |
| **4.** | 1 200 000 |
| **5.** | 12 000 000 |

Осигуреник стар 30 години сака да се осигура во случај на смрт во следните 15 години. Да се пресмета годишната премија ако осигурениот износ е 250 000 парични единици. Периодот на уплата на премијата треба да биде 10 години. Резултатот е:

| | |
|---|---|
| **1.** | 1296 |
| **2.** | 2500 |
| **3.** | 10375 |
| **4.** | 15000 |
| **5.** | 12962 |

Колкава рента ќе се добива годишно за лице старо 25 година во следните 15 години ако се уплати еднократна уплата од 100.000 парични единици

| | |
|---|---|
| **1.** | 9 325 |
| **2.** | 93 550 |
| **3.** | 125 505 |
| **4.** | 10 000 |
| **5.** | 30 000 |

Осигуреник стар 33 година сака да се осигура во случај на смрт во следните 15 години. Да се пресмета осигурената сума ако годишната премија е во износ од 100 000 парични единици. Периодот на уплата на премијата треба да биде 10 години. Резултатот е:

| | |
|---|---|
| **1.** | 15 806 931 |
| **2.** | 1 580 693 |
| **3.** | 1 000 000 |
| **4.** | 1 200 000 |
| **5.** | 12 000 000 |

Осигуреник стар 27 години сака да се осигура во случај на смрт во следните 17 години. Да се пресмета годишната премија ако осигурениот износ е 110 000 парични единици. Периодот на уплата на премијата треба да биде 10 години. Резултатот е:

| | |
|---|---|
| **1.** | 545 |
| **2.** | 454 |
| **3.** | 4540 |
| **4.** | 10 000 |
| **5.** | 100 000 |

Колкава уплата треба да направи лице старо 27 години за во следните 14 години да добива рента од 10 000 парични единици.

| | |
|---|---|
| **1.** | 102 315 |
| **2.** | 140 000 |
| **3.** | 1 400 000 |
| **4.** | 35 000 |
| **5.** | 100 000 |

Колкава рента ќе се добива годишно за лице старо 25 година во следните 10 години ако се уплати еднократна уплата од 100.000 парични единици

| | |
|---|---|
| **1.** | 12 458 |
| **2.** | 12 505 |
| **3.** | 125 505 |
| **4.** | 10 000 |
| **5.** | 30 000 |

Осигуреник стар 30 години кој сака да се осигура на 19 години во случај на смрт. Колку ќе изнесува осигурената сума ако премијата што ја платил е 120 000 денари.

| | |
|---|---|
| **1.** | 2 205 882 |
| **2.** | 2 205 |
| **3.** | 39 000 |
| **4.** | 120 000 |
| **5.** | 150 000 |

Осигуреник стар 36 години сака да се осигура во случај на смрт во следните 18 години. Да се пресмета годишната премија ако осигурениот износ е 100 000 парични единици. Периодот на уплата на премијата треба да биде 11 години. Резултатот е:

| | |
|---|---|
| **1.** | 903 |
| **2.** | 9 030 |
| **3.** | 9 300 |
| **4.** | 10 000 |
| **5.** | 100 000 |

# НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ

Лицето X сака да ја осигури својата канцеларија чија површина е 26м$^2$, при што градежната вредност е 1250 евра за м$^2$ (1 евро = 61.79 денари). Стапката на премија е 0.9%. Колку изнесува премијата за осигурување на канцеларијата?

| | |
|---|---|
| **1.** | 2008 денари |
| **2.** | 3815 денари |
| **3.** | 1125 денари |
| **4.** | 1807 денари |
| **5.** | 4100 денари |

Осигурителот осигурува овес со вредност од 600.000 денари со франшиза од 5%. Товарот е натоварен на брод кој располага со две складишта. Во едно од складиштата навлегува вода која предизвикува штета од 20.000 денари. Странките се договорени франшизата од 5% да се пресметува за секое складиште поодделно. Ако вредноста на стоката во складиштето каде навлегла водата е 400.000 денари, колкав надомест на штета ќе прими осигуреникот?

| | |
|---|---|
| **1.** | 400.000 денари |
| **2.** | 370.000 денари |
| **3.** | 420.000 денари |
| **4.** | 430.000 денари |
| **5.** | 380.000 денари |

Ако условната франшиза изнесува 6%, а оштетувањето е 7% или повеќе, тогаш:

| | |
|---|---|
| **1.** | нема да се наплати никаков надомест на штета |
| **2.** | ќе се надомести само штетата од 6% |
| **3.** | ќе се надомести штета од 1% |
| **4.** | ќе се надомести целата штета од 7% или повеќе |
| **5.** | ќе се надомести штета од 3% |

Ако при каско осигурување со франшиза од 500 евра се случи штета чиј износ е 800 евра, колкав износ ќе му се исплати на осигуреникот од страна на осигурителната компанија:

| | |
|---|---|
| **1.** | 500 евра |
| **2.** | 300 евра |
| **3.** | 1300 евра |
| **4.** | 800 евра |
| **5.** | 1750 евра |

Премијата за каско-осигурување со франшиза од 200 евра, која треба да ја плати клиентот за возило со фактурна вредност од 920.740 денари и стапка на премија 1.7% изнесува:

| | |
|---|---|
| **1.** | 12.000 денари |
| **2.** | 3.653 денари |
| **3.** | 15.653 денари |
| **4.** | 15.500 денари |
| **5.** | 20.400 денари |

Ако при каско осигурување со франшиза од 500 евра, се случи штета чиј износ е 950 евра, колкав износ ќе му се исплати на осигуреникот од осигурителната компанија?

| | |
|---|---|
| **1.** | 950 евра |
| **2.** | 1450 евра |
| **3.** | 725 евра |
| **4.** | 500 евра |
| **5.** | 450 евра |

Доколку условната франшиза е 8%, а оштетувањето е 9% или повеќе, тогаш:

| | |
|---|---|
| **1.** | ќе се надомести штета од 1% |
| **2.** | ќе се надомести целата штета од 9% или повеќе |
| **3.** | ќе се надомести само штета до 8% |
| **4.** | ќе се надомести штета од 8,5% |
| **5.** | нема да се наплати никаков надомест на штета |

Осигурителот осигурува просо со вредност од 300.000 денари со франшиза од 6%. Товарот е натоварен на брод кој има две складишта. Во едно од складишта навлегла вода која предизвикала штета од 47.000 денари. Странките се договорени франшизата од 6% да се пресметува за секое складиште поодделно. Ако вредноста на просото во складиштето каде навлегла вода е 250.000 денари, колкав надомест на штета ќе прими осигуреникот?

| | |
|---|---|
| **1.** | 250.000 денари |
| **2.** | 235.000 денари |
| **3.** | 47.000 денари |
| **4.** | 268.000 денари |
| **5.** | 15.000 денари |

Преку копнен превоз се испраќаат готови производи – фрижидери со вредност од 5980400 денари. Стапката на премија е 5%. Премијата за осигурување на пратката изнесува:

| | |
|---|---|
| **1.** | 299020 денари |
| **2.** | 5980.4 денари |
| **3.** | 29902 денари |
| **4.** | 2990.2 денари |
| **5.** | 12334 денари |

Едно лице сака да го осигури својот деловен простор со површина од 34 метри квадратни, при што градежната вредност е 1750 евра за метар квадратен (1 евро е 61.5 денари). Стапката на премија според тарифа е 0.5%. Колку изнесува премијата за осигурување на деловниот простор?

| | |
|---|---|
| **1.** | 1045.5 денари |
| **2.** | 1829.63 денари |
| **3.** | 2907.3 денари |
| **4.** | 2315.8 денари |
| **5.** | 3302.4 денари |